BUSINESS FRIENDLY CERTIFICATION
SOUTH EAST EUROPE

**Партнерство за конкуретен регион - CORE**
**со поддршка на Германската развојна соработка што ја спроведува ГИЗ**

**ОБЈАВУВА**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГРАДОВИ И ОПШТИНИ

**за учество**

**во регионална Програма за сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа**

Повикот за учество е **наменет за лидери на економскиот развој во Југоисточна Европа и за оние кои се решени тоа да станат** – градови и општини кои се определени преку подобрување на деловниот амбиент да создадат подобри услови за привлекување инвестиции и побрз развој на постоечкото стопанство, и така да го унапредат квалитетот на живот на граѓаните.

Овој Повик е ексклузивно отворен за **50 градови и општини во Југоисточна Европа** кои досега не учествувале во BFC SEE програмата и чија визија за развој се базира на автентични локални потенцијали.

**BFC SEE стандардот** дава јасни насоки за зачувување на вработеноста и отворање работни места преку јакнење на партнерството со локалната деловна заедница. Критериумите ги следат развојните и просторни планови, и помагаат да се унапреди организацискиот капацитет, ефикасност и ниво на дигитализација на општинските услуги. Стандардот ја рангира и конкурентноста во поглед на локалните давачки и особено ја вреднува поддршката на претприемништвото, иновациите и зелената економија.

**BFC SEE Програмата носи и привилегии** за сите кои успешно ќе го завршат процесот и ги исполнат условите да бидат носители на ова престижно признание :

- **Имиџ на модерна и агилна локална администрација** на услуга на граѓаните и стопанството
- **Позиционирање на мапа на најповолни инвестициски дестинации** во Југоисточна Европа
- **Препознатливост** меѓу носителите на одлуки во државата, стопанството и меѓународната заедница
- **Членство во BFC SEE клуб на лидери на локалниот развој**
- **Можност за учество во развојни проекти, студиски посети и регионални иницијативи**
- **Размена на знаења** со најуспешни градови и општини

Повеќе информации за BFC SEE Програмата и процесот на сертификација, критериумите од IV-та едиција, како и условите за учество следи **во рамки на приложената документација**.

За сите заинтересирани кандидати, ќе се организира **инфо-сесија: „Како до меѓународен BFC SEE сертификат“** со цел дополнително да ве информираме за деталите и условите за учество во програмата. Пријава за инфо-сесија е на contact@zels.org.mk **и** ivana.serafimova@zels.org.mk (име, презиме, функција, општина)**.**

german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT · Implemented by: giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH · CORE Partnership for Competitive Region · ЗЕЛС